КАРТИЧКА ЗА ПАЦИЕНТКИ И ПАЦИЕНТИ КОИ УПОТРЕБУВААТ ЛЕКОВИ КОИ СОДРЖАТ ВАЛПРОАТ - DEPAKINE/DEPAKINE CHRONO

**Важни информации кои мора да ги знаете и кои треба да ги направите**

**Сите девојки и жени кои употребуваат валпроат и кои можат да забременат:**

- Валпроат може сериозно да му наштети на нероденото дете, доколку мајката го употребува за време на бременоста.
- Секогаш користете ефикасна контрацепција без прекин, во тек на целото времетраење на терапијата со валпроат.
- Доколку мислите дека сте бремена, итно контактирајте го Вашиот доктор.
- Посетувајте го Вашиот доктор специјалист најмалку еднаш годишно.

**Мажи кои употребуваат валпроат:**

- Постои потенцијален ризик од нарушувања во движењето и менталниот развој кај деца чии татковци употребувале валпроат во текот на 3 месеци пред зачнување.
- Разговарајте со Вашиот доктор за можниот ризик и потребата од ефикасна контрацепција.

КАРТИЧКА ЗА ПАЦИЕНТКИ И ПАЦИЕНТИ КОИ УПОТРЕБУВААТ ЛЕКОВИ КОИ СОДРЖАТ ВАЛПРОАТ - DEPAKINE/DEPAKINE CHRONO

- Валпроат е ефикасен лек за лекување на епилепсија и биполарно нарушување.

**Следните информации се однесуваат на сите девојки и жени кои употребуваат валпроат и кои можат да забременат, како и на мажи кои употребуваат валпроат:**

- Пред употреба внимателно прочитајте го упатството за пациентот кое се наоѓа во секое пакување на лекот.
- Не ја прекинувајте терапијата со валпроат, освен ако тоа не Ви го каже Вашиот доктор, бидејќи Вашата состојба може да се влоши.
- Доколку планирате да имате дете, не ја прекинувајте употребата на валпроат, ниту употребата на контрацепција, пред да дискутирате со Вашиот доктор.
- Побарајте од Вашиот доктор Прирачник за пациентката, односно Прирачник за машки пациенти.

*Чувајте ја оваа картичка на безбедно за да знаете секогаш што треба да направите.*

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP • СКОПЈЕ